[redacted]

Здружение за развој
[redacted]
Бр. 0302-13/2
24.02 2021 год.
СКОПЈЕ

# БАРАЊЕ
## за слободен пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Заради спроведување на анализа за структурата и организацијата јавната администрација во Република Северна Македонија, како и практиките за комуникација со јавноста, внатрешно пријавување и придонес кон Целите на одржлив развој на ОН, Ве молиме да ни ги доставите следните податоци и информации за секоја од годините кои се наведени во табелата:

Дел 1.
Структура и организација

| | Опис на ставка /број или сума | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Број на лица со заснован работен однос во Вашата институција (со полно работно време и со платени придонеси), согласно ЗАС или ЗВЈС и ЗРО | | | |
| 1.1 | Број на админстративни службеници со заснован работен однос во Вашата институција | | | |
| 1.2 | Број на даватели на услуги со заснован работен однос во Вашата институција | | | |
| 1.3 | Број на овластени службени лица со заснован работен однос во Вашата институција | | | |
| 1.4 | Број на помошно-технички лица со заснован работен однос во Вашата институција | | | |
| 2. | Број на лица ангажирани во Вашата институција со договори преку Агенција за привремени вработувања | | | |
| 3. | Број на лица со друг вид договори за повремено или привремено вршење на услуги или авторски | | | |

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА-ФИЛМСКИ ЦЕНТАР ВАРДАР ФИЛМ
INSTITUCIONI NACIONAL-QENDRA FILMIKE VARDAR FILM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: | 01.03.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 81/2 | | |

[redacted]

| | Опис на ставка /број или сума | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | договори (засновани помеѓу лицето и Вашата институција) | | | |
| 4. | Број на лица со договори на определено време | | | |
| 5. | Вкупен број на нововработени лица во вашата институција, по години (со заснован работен однос, на определено и неопределено време) | | | |
| 6. | Број на вработени преземени по пат на мобилност (преземање) од други институции или органи на државна управа | | | |
| 7. | Број на вработени кои заминале од Вашата институција по пат на мобилност во други институции и органи на државна управа | | | |
| 8. | Број на лица од Вашата институција кои се наоѓаат на трансфер листата на можни преземања (Согласно ЗАС и ЗВЈС)[1] | | | |
| 9. | Број на лица на кои им прекинал работниот однос во Вашата институција по основ на навршена старосна граница за пензија | | | |
| 10. | Број на лица на кои им прекинал работниот однос во Вашата институција по било кој друг основ | | | |
| 11. | Број на спроведени дисциплински постапки против вработени во Вашата институција | | | |
| 12. | Број на унапредени вработени преку интерен оглас | | | |
| 13. | Број на вработени со прекинат работен однос поради негативни оценки | | | |
| 14. | Број на покренати второстепени постапки за повреда на право од работен однос кои се водат против ваши одлуки/решенија | | | |
| 15. | Број на постапки против кои вработените имаат покренато | | | |

[1]Закон за административни службеници (ЗАС); Закон за вработени во јавниот сектор (ЗВЈС)

| | Опис на ставка /број или сума | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | судски спор за повреда на работен однос пред надлежен суд | | | |
| 16. | Дали имате направено функционална анализа во институцијата во периодот 2017-2020?. Ве молиме заокружете | ДА / НЕ | | |

Дел 2.
Практиките за комуникација со јавноста, внатрешно пријавување и придонес кон Целите на одржлив развој на ОН

| | Опис на ставка /број или сума | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Колку барања за пристап до информации од јавен карактер беа пристигнати до вашата институција во изминатите три години? | | | |
| 2 | Колку и каков вид консултативни јавни средби со граѓани и граѓански сектор има одржано вашата институција во изминатите три години?<br>а) консултации за закони/стратегии;<br>б) планирање на програмите за работа, на буџет;<br>в) средби за известување за напредок по активности/ проекти и сл,<br>г) друго. | а)_______(број)<br>б)_______(број)<br>в) _______(број)<br>г)_______<br>(појаснете што друго и наведете број) | а)_______(број)<br>б)_______(број)<br>в) _______(број)<br>г)_______<br>(појаснете што друго и наведете број) | а)_______(број)<br>б)_______(број)<br>в) _______(број)<br>г)_______<br>(појаснете што друго и наведете број) |
| 3 | Колку случаи на заштитено внатрешно пријавување сте имале во изминатите три години во вашата институција и по колку од нив е постапено? | Пријавени (број)<br>Постапени (број) | Пријавени (број)<br>Постапени (број) | Пријавени (број)<br>Постапени (број) |
| 4 | Дали стратешките документи на вашата институција (стратегија, план, програма за работа, во било кој дел од нив) изрично се повикуваат на исполнување на некоја од Целите на одржлив развој на Обединетите нации (UN Sustainable Development Goals) и која цел? | Да/Не<br>Која цел? | Да/Не<br>Која цел? | Да/Не<br>Која цел? |

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго (испраќање на информации)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта (ул. Рајко Жинзифов бр.44-1 Скопје)
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил [redacted]
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

Барател на информацијата:
[redacted]
ул. Рајко Жинзифов бр.44-1 Скопје
тел.: 02 6092-216

Во Скопје

Овластено лице:
[redacted]

[redacted]

Датум 24.02.2021

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА-ФИЛМСКИ ЦЕНТАР ВАРДАР ФИЛМ
INSTITUCIONI NACIONAL-QENDRA FILMIKE VARDAR FILM
Бр.-Nr. 03-78/2
13.03.2021 20 год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 28 став 1 точка 8 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, и 11/18) и член 12 став 2 алинеја 17 од Статутот на Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје, а согласно член 17 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен каракетер („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), в.д. директорот на Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје, донесе:

# РЕШЕНИЕ

*за отфрлање на барање за пристап до информации од јавен карактер*

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-81/2 од 01.03.2021 година, поднесено од Зд[redacted], СЕ ОТФРЛА.
2. Ова Решение стапува на сила на денот на неговото донесување.

## *Образложение*

[redacted] во електронска форма до Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Барањето е архивски заверено во Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје под бр. 03-81/2 од 01.03.2021 година.

Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје, постапи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 03-81/2 од 01.03.2021 година, со кое барателот Здружението за развој [redacted], бара да му се овозможи пристап до информација:

- *Структура и организација*
- *Практики за комуникација со јавноста, внатрешно пријавување и придонес кон целите на одржлив развој на ОН*

Доставеното барање бр. 03-81/2 од 01.03.2021 година од Здружението за развој Центар за управување со промени, не е во согласност со член 16 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен каракетер, заради што Националната установа Филмски центар Вардар филм Скопје како имател на информации, не може да постапува по истото.

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен каракетер, ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето.

Барателот на информации на ден 04.03.2021 година по електронски пат е известен за потребата од дополнување на барањето бр. 03-81/2 од 01.03.2021 година, во рок од три дена од денот на приемот на известувањето, со укажување на последиците во случај на не постапување по истото. Брателот во дадениот рок не даде дополнително појаснување на барањето бр. 03-81/2 од 01.03.2021 година.

Согласно член 17 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен каракетер, ако барателот не постапи согласно известувањето за потребата од дополнување на барањето, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето.

Согласно горенаведеното в.д. директорот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**

Ивона Петкова

**в.д. Директор**

Марија Јовановска

Доставено до:
- Бартелот
- Архива